Република Северна Македонија

**Министерство за одбрана**

- СЕКТОР ЗА КОМУНИКАЦИИ, АНАЛИТИКА И ОПЕРАТИВНА ПОДДРШКА -

Одделение за медиа и мултимедијална работа

22 септември 2023

**Предмет: Соопштение**

**Зајакнување на транспарентноста, отчетноста и интегритетот во јавните набавки преку обука поддржана од норвешкиот Центар за интегритет во одбранбениот сектор**

Одделението за обука при Секторот за човечки ресурси во соработка со Центарот за интегритет во одбранбениот сектор од Норвешка (CIDS) на 19 и 20 септември во Центарот за обука „Д-р Џозеф Крузел“ организираше обука на тема „Евалуација на тендерите во процесите на јавни и одбранбени набавки - Односот меѓу ризиците за интегритет во планирањето на набавките, евалуацијата на тендерите и управувањето со договорите“.

Дводневната обука за евалуација на тендерите во процесите на јавни и одбранбени набавки даде вовед во процесот на евалуација на тендери, изборот на комисија, моделите на набавка, етиката и интегритетот во процесот на евалуација и други елементи во оваа област.

Обуката беше реализирана од страна на меѓународен експерт за набавки, а истата е организирана согласно Календарот на специјализирани обуки за 2023 година и Планот за интегритет 2021-2024 година на Министерството за одбрана.

Активностите во делот на спроведување обуки за градење интегритет се дел од алатките за зајакнување на транспарентноста, отчетноста и интегритетот со цел намалување на ризикот од корупција во одбранбениот сектор.


Министерство за одбрана на
Република Северна Македонија

Ул. „Орце Николов“ бр. 116, Скопје
Република Северна Македонија

+389 (0)2 328 2487
www.mod.gov.mk